# СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈ

„Службен весник на Република Македонија“ излегува по потреба. Рок за рекламации 15 дена.

Среда, 15 септември 1998
Скопје
Број 46 Год. LIV

Аконтацијата за 1998 година изнесува 7.200 денари. Овој број чини 70 денари. Жиросметка 40100-603-12498


1203.

Врз основа на член 3, а во врска со член 2, став 2 од Законот за сметање на времето („Службен весник на РМ“ бр. 17/96 и 16/97) и член 46, став 3 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на СРМ“ бр. 38/90 и „Службен весник на РМ“ бр. 63/94), Владата на Република Македонија на седницата одржана на 31.08.1998 година, донесе

**ОДЛУКА**
**ЗА ДЕНОТ И МОМЕНТОТ НА ЗАВРШУВАЊЕ НА ЛЕТНОТО СМЕТАЊЕ НА ВРЕМЕТО ВО 1998 ГОДИНА**

1. Летното сметање на времето во 1998 година се завршува на 25 октомври во 03h 00min 00s, така што со поместување за еден саат station наназад времето во 03h 00min 00s се смета како 02h 00 min 00s.

2. Саатот кој на 25 октомври 1998 година, поради поместување за еден саат наназад се појавува двапати помеѓу 02h 00min 00s се смета како 03h 00min 00s се означува - првиот пат како саат 2А, а вториот пат како саат 2Б.

3. Оваа одлука влегува во сила со објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 23-2277/1
31 август 1998 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски**, с.р.

1204.

Врз основа на член 9, став 2 и член 10 од Законот за ученички и студентски стандард („Службен весник на Република Македонија“ бр. 37/98) и член 46, став 3 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на СРМ“ бр. 38/90 и „Службен весник на РМ“ бр. 63/94), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 31.08.1998 година, по предлог на Министерството за образование и физичка култура, донесе

**ОДЛУКА**
**ЗА ОСНОВАЊЕ ДРЖАВЕН СТУДЕНТСКИ ДОМ ВО ОХРИД**

Член 1

Владата на Република Македонија, врз основа на утврдените потреби од сместувачки капацитети за студентите од Факултетот за туризам и угостителство во Охрид, основа државен студентски дом во Охрид.

Член 2

Средствата за основањето и работата на студентскиот дом ќе се обезбедат преку Министерството за образование и физичка култура од Републичкиот буџет, од партиципација на студентите и од други приходи остварени од вршење на дејноста.

Член 3

Дејноста на студентскиот дом од член 1 на оваа одлука ќе се организира и остварува од учебната 1998/99 година во објектот Депанданс на Хотелот „Палас“ во Охрид, кој со одлука на Управниот одбор на Агенцијата на Република Македонија за трансформација на претпријатијата со општествен капитал, бр. 02-2759/1 од 01.06.1998 година е преотстапен на користење на Министерството за образование и физичка култура.

Член 4

Потребниот кадар, опрема и други услови за работа да се сообразат со Законот и подзаконските акти на Министерството за образование и физичка култура.

Член 5

За извршување на подготовките за почеток со работа на студентскиот дом се формира Комисија во состав:

1. Благоја Крстановски - потсекретар во Министерството за образование и физичка култура - претседател на Комисијата;
2. Љупчо Бундалевски - началник во Министерството за образование и физичка култура - заменик на претседателот на Комисијата;
3. Султана Каневче - раководител на Подрачната единица на Министерството за образование и физичка култура во Охрид - член;
4. Јордан Митревски - генерален секретар на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ - Битола - член;
5. Проф. д-р Митре Аврамовски - продекан на Факултетот за туризам и угостителство - Охрид - член.

Член 6

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 23-2278/1
31 август 1998 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски**, с.р.

1205.

Врз основа на член 52, став 1 од Законот за царините („Службен весник на РМ“ бр. 20/93, 63/95 и 15/97), член 4 од Законот за посебните давачки при увоз на земјоделски и прехранбени производи („Службен весник на РМ“ бр. 2/94) и член 46, став 3 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на СРМ“ бр. 38/90 и „Службен весник на РМ“ бр. 63/94), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 31.08.1998 година, донесе

**ОДЛУКА**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ЦАРИНСКИ КОНТИНГЕНТИ ПРИ УВОЗ НА ЗАМРЗНАТО СВИНСКО МЕСО И МЕСО ОД ДОМАШНИ КОКОШКИ ЗА 1998 ГОДИНА**

1. Во Одлуката за определување на царински контингенти при увоз на замрзнато свинско месо и месо од домашни кокошки за 1998 година („Службен весник на Република Македонија“ број 16/98), во насловот на одлуката по зборот „свинско“ се додаваат зборовите „и говедско“.

2. Во точка 1 во ред 2, по зборот „свинско“ се додаваат зборовите „и говедско“.

3. Во точка 2, во подточка а) во ред 2, износот „1800“ се заменува со износот „2.100“ а во ред 3 износот „800“ се заменува со износот „1.100“. Во истата точка се додава нова подточка „в)“ која гласи:

„в) замрзнато говедско месо, во вкупна количина од 600 тони и тоа од Тарифниот број 0202 (месо говедско замрзнато) за следниве тарифни ознаки:

- 0202 10 00 00 - Трупови и полутки;
- 0202 20 10 00 -- компензирани четврти;
- 0202 20 30 00 -- неодвоени или одвоени предни четврти;
- 0202 20 50 00 -- неодвоени или одвоени задни четврти:
- 0202 20 90 00 -- Други;
- 0202 30 10 00 -- Предни четврти, цели или сечени најмногу на пет парчиња, секоја четврт да претставува една целина, компензирани четврти во две парчиња, едно кое содржи предна четврт, цела или сечена најмногу на пет парчиња, и друга, задна четврт, исклучувајќи ја печеницата во еден дел; и
- 0202 30 90 00 -- Друго“

4. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Број 23-2244/1
31 август 1998 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски,** с.р.

**1206.**

Врз основа на член 46 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на СРМ“ бр. 38/90 и „Службен весник на РМ“ бр. 63/94) и член 18 и 24 од Законот за правата, обврските и одговорностите на републичките органи во поглед на средствата во општествена сопственост што тие ги користат („Службен весник на СРМ“ бр. 41/85), Владата на Република Македонија на седницата одржана на 6.07.1998 година, донесе

**ОДЛУКА**
**ЗА ПРЕНЕСУВАЊЕ НА ПРАВОТО НА КОРИСТЕЊЕ НА НЕДВИЖЕН ИМОТ**

Член 1

Правото на користење на недвижниот имот – Планинарски дом со површина од 300 $м^2$, лоциран во месноста „Висока Чука“ на планината „Кожув“, сопственост на Република Македонија, се пренесува на Општината Миравци-Миравци.

Член 2

Недвижноста опишана во член 1 од Одлуката се пренесува на определено време, без надоместок.

Член 3

Условите и начинот на користење на недвижноста ќе се регулираат со Договор кој ќе го склучи Службата за општи и заеднички работи во Владата на Република Македонија со корисникот на недвижноста.

Член 4

Одлуката влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 23-571/6
6 јули 1998 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски,** с.р.

**1207.**

Врз основа на член 103 од Законот за основно образование („Службен весник на РМ“ бр. 25/97) и член 46, став 3 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на СРМ“ бр. 38/90 и „Службен весник на РМ“ бр. 63/94), Владата на Република Македонија на седницата одржана на 31.08.1998 година, донесе

**ОДЛУКА**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА СТАТУТОТ НА ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ „СВЕТИ КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ - КОЧАНИ**

1. Се дава согласност на одредбите на Статутот на Основното училиште „Свети Кирил и Методиј“ – Кочани, што го донесе Училишниот одбор на седницата одржана на 1.03.1996 година.

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 23-878/1
31 август 1998 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски,** с.р.

**1208.**

Врз основа на член 103 од Законот за основно образование („Службен весник на РМ“ бр. 25/97) и член 46, став 3 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на СРМ“ бр. 38/90 и „Службен весник на РМ“ бр. 63/94), Владата на Република Македонија на седницата одржана на 31.08.1998 година, донесе

**ОДЛУКА**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА СТАТУТОТ НА ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ „МАЛИНА ПОПИВАНОВА“ КОЧАНИ**

1. Се дава согласност на одредбите на Статутот на Основното училиште „Малина Попиванова“ – Кочани, што го донесе Училишниот одбор на седницата одржана на 18.06.1998 година.

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 23-857/1
31 август 1998 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски,** с.р.

**1209.**

Врз основа на член 103 од Законот за основно образование („Службен весник на РМ“ бр. 25/97) и член 46, став 3 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на СРМ“ бр. 38/90 и „Службен весник на РМ“ бр. 63/94), Владата на Република Македонија на седницата одржана на 31.08.1998 година, донесе

**ОДЛУКА**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА СТАТУТОТ НА ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ „ВЕРА ЦИРИВИРИ – ТРЕНА“ СЕЛО ДЕБРЕШТЕ - ПРИЛЕП**

1. Се дава согласност на одредбите на Статутот на Основното училиште „Вера Циривири – Трена“ село Дебреште – Прилеп, што го донесе Училишниот одбор на седницата одржана на 13.02.1998 година.

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 23-1301/1
31 август 1998 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски,** с.р.

**1210.**

Врз основа на член 103 од Законот за основно образование („Службен весник на РМ" бр. 25/97) и член 46, став 3 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на СРМ" бр. 38/90 и „Службен весник на РМ" бр. 63/94), Владата на Република Македонија на седницата одржана на 31.08.1998 година, донесе

**ОДЛУКА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА СТАТУТОТ НА ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ „СВЕТИ КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ" - ДЕЛЧЕВО**

1. Се дава согласност на одредбите на Статутот на Основното училиште „Свети Климент Охридски" - Делчево, што го донесе Училишниот одбор на седницата одржана на 6.02.1996 година.

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 23-3274/1
31 август 1998 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски**, с.р.

**1211.**

Врз основа на член 103 од Законот за основно образование („Службен весник на РМ" бр. 25/97) и член 46, став 3 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на СРМ" бр. 38/90 и „Службен весник на РМ" бр. 63/94), Владата на Република Македонија на седницата одржана на 31.08.1998 година, донесе

**ОДЛУКА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА СТАТУТОТ НА ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" - ПРИЛЕП**

1. Се дава согласност на одредбите на Статутот на Основното училиште „Гоце Делчев" - Прилеп, што го донесе Училишниот одбор на седницата одржана на 9.02.1996 година.

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 23-1309/1
31 август 1998 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски**, с.р.

**1212.**

Врз основа на член 103 од Законот за основно образование („Службен весник на РМ" бр. 25/97) и член 46, став 3 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на СРМ" бр. 38/90 и „Службен весник на РМ" бр. 63/94), Владата на Република Македонија на седницата одржана на 31.08.1998 година, донесе

**ОДЛУКА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА СТАТУТОТ НА ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ „ПЕРЕ ТОШЕВ" - СЕЛО ДУПЈАЧАНИ - ПРИЛЕП**

1. Се дава согласност на одредбите на Статутот на Основното училиште „Пере Тошев" село Дупјачани - Прилеп, што го донесе Училишниот одбор на седницата одржана на 26.06.1998 година.

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 23-1290/1
31 август 1998 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски**, с.р.

**1213.**

Врз основа на член 103 од Законот за основно образование („Службен весник на РМ" бр. 25/97) и член 46, став 3 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на СРМ" бр. 38/90 и „Службен весник на РМ" бр. 63/94), Владата на Република Македонија на седницата одржана на 31.08.1998 година, донесе

**ОДЛУКА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА СТАТУТОТ НА ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ „ДОБРЕ ЈОВАНОСКИ" - ПРИЛЕП**

1. Се дава согласност на одредбите на Статутот на Основното училиште „Добре Јованоски" - Прилеп, што го донесе Училишниот одбор на седницата одржана на 7.02.1996 година.

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 23-1304/1
31 август 1998 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски**, с.р.

**1214.**

Врз основа на член 103 од Законот за основно образование („Службен весник на РМ" бр. 25/97) и член 46, став 3 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на СРМ" бр. 38/90 и „Службен весник на РМ" бр. 63/94), Владата на Република Македонија на седницата одржана на 31.08.1998 година, донесе

**ОДЛУКА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА СТАТУТОТ НА ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ „КРУМЕ ВОЛНАРОСКИ" С. ТОПОЛЧАНИ - ПРИЛЕП**

1. Се дава согласност на одредбите на Статутот на Основното училиште „Круме Волнароски" село Тополчани - Прилеп, што го донесе Училишниот одбор на седницата одржана на 12.02.1996 година.

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 23-1289/1
31 август 1998 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски**, с.р.

**1215.**

Врз основа на член 103 од Законот за основно образование („Службен весник на РМ" бр. 25/97) и член 46, став 3 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на СРМ" бр. 38/90 и „Службен весник на РМ" бр. 63/94), Владата на Република Македонија на седницата одржана на 31.08.1998 година, донесе

**ОДЛУКА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА СТАТУТОТ НА ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ „КОСТА РАЦИН" С. БРВЕНИЦА - ТЕТОВО**

1. Се дава согласност на одредбите на Статутот на Основното училиште „Коста Рацин" село Брвеница - Тетово, што го донесе Училишниот одбор на седницата одржана на 27.06.1998 година.

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 23-1280/1
31 август 1998 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски**, с.р.

**1216.**

Врз основа на член 103 од Законот за основно образование („Службен весник на РМ" бр. 25/97) и член 46, став 3 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на СРМ" бр. 38/90 и „Службен весник на РМ" бр. 63/94), Владата на Република Македонија на седницата одржана на 31.08.1998 година, донесе

**ОДЛУКА**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА СТАТУТОТ НА ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ „КИРИЛ И МЕТОДИЈ" С. СТАЈКОВЦИ – СКОПЈЕ**

1. Се дава согласност на одредбите на Статутот на Основното училиште „Кирил и Методиј" с. Стајковци - Скопје што го донесе Училишниот одбор на седницата одржана на 23.02.1998 година.

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр.23-1188/1
31 август 1998 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски**, с.р.

**1217.**

Врз основа на член 103 од Законот за основно образование („Службен весник на РМ" бр. 25/97) и член 46, став 3 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на СРМ" бр. 38/90 и „Службен весник на РМ" бр. 63/94), Владата на Република Македонија на седницата одржана на 31.08.1998 година, донесе

**ОДЛУКА**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА СТАТУТОТ НА ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" СЕЛО ПОДЛОГ - КОЧАНИ**

1. Се дава согласност на одредбите на Статутот на Основното училиште „Гоце Делчев" село Подлог – Кочани, што го донесе Училишниот одбор на седницата одржана на 22.06.1998 година.

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр.23-1106/1
31 август 1998 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски**, с.р.

**1218.**

Врз основа на член 103 од Законот за основно образование („Службен весник на РМ" бр. 25/97) и член 46, став 3 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на СРМ" бр. 38/90 и „Службен весник на РМ" бр. 63/94), Владата на Република Македонија на седницата одржана на 31.08.1998 година, донесе

**ОДЛУКА**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА СТАТУТОТ НА ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ „25 МАЈ" – СКОПЈЕ**

1. Се дава согласност на одредбите на Статутот на Основното училиште „25 Мај" – Скопје, што го донесе Училишниот одбор на седницата одржана на 15.03.1996 година.

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр.23-1015/1
31 август 1998 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски**, с.р.

**1219.**

Врз основа на член 103 од Законот за основно образование („Службен весник на РМ" бр. 25/97) и член 46, став 3 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на СРМ" бр. 38/90 и „Службен весник на РМ" бр. 63/94), Владата на Република Македонија на седницата одржана на 31.08.1998 година, донесе

**ОДЛУКА**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА СТАТУТОТ НА ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ „МИРЧЕ АЦЕВ" СЕЛО КУЧИЧИНО – КОЧАНИ**

1. Се дава согласност на одредбите на Статутот на Основното училиште „Мирче Ацев" село Кучичино - Кочани, што го донесе Училишниот одбор на седницата одржана на 27.06.1998 година.

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр.23-1010/1
31 август 1998 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски**, с.р.

**1220.**

Врз основа на член 103 од Законот за основно образование („Службен весник на РМ" бр. 25/97) и член 46, став 3 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на СРМ" бр. 38/90 и „Службен весник на РМ" бр. 63/94), Владата на Република Македонија на седницата одржана на 31.08.1998 година, донесе

**ОДЛУКА**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА СТАТУТОТ НА ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ „КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ" СЕЛО ОБЛЕШЕВО – КОЧАНИ**

1. Се дава согласност на одредбите на Статутот на Основното училиште „Климент Охридски" село Облешево - Кочани, што го донесе Училишниот одбор на седницата одржана на 23.06.1998 година.

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр.23-970/1
31 август 1998 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски**, с.р.

**1221.**

Врз основа на член 103 од Законот за основно образование („Службен весник на РМ" бр.25/97) и член 46, став 3 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на СРМ" бр. 38/90 и „Службен весник на РМ" бр. 63/94), Владата на Република Македонија на седницата одржана на 31.08.1998 година, донесе

**ОДЛУКА**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА СТАТУТОТ НА ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ „КРСТЕ ПЕТКОВ МИСИРКОВ" НАСЕЛБА ОРИЗАРИ – КОЧАНИ**

1. Се дава согласност на одредбите на Статутот на Основното училиште „Крсте Петков Мисирков" населба Оризари - Кочани, што го донесе Училишниот одбор на седницата одржана на 3.07.1998 година.

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр.23-782/1
31 август 1998 година,
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски** с.р.

**1222.**

Врз основа на член 103 од Законот за основно образование („Службен весник на РМ" бр. 25/97) и член 46, став 3 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на СРМ" бр. 38/90 и „Службен весник на РМ" бр. 63/94), Владата на Република Македонија на седницата одржана на 31.08.1998 година, донесе

**ОДЛУКА**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА СТАТУТОТ НА ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ „СТРАШО ПИНЏУР" СЕЛО СОКОЛАРЦИ- КОЧАНИ**

1. Се дава согласност на одредбите на Статутот на Основното училиште „Страшо Пинџур" село Соколарци - Кочани, што го донесе Училишниот одбор на седницата одржана на 25.06.1998 година.

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр.23-971/1
31 август 1998 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски** с.р.

**1223.**

Врз основа на член 103 од Законот за основно образование („Службен весник на РМ" бр. 25/97) и член 46, став 3 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на СРМ" бр. 38/90 и „Службен весник на РМ" бр. 63/94), Владата на Република Македонија на седницата одржана на 31.08.1998 година, донесе

**ОДЛУКА**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА СТАТУТОТ НА ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ „ЈОСИП БРОЗ- ТИТО" СЕЛО ЖИРОВНИЦА - ГОСТИВАР**

1. Се дава согласност на одредбите на Статутот на Основното училиште „Јосип Броз-Тито", село Жировница - Гостивар што го донесе Училишниот одбор на седницата одржана на 29.06.1998 година.

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр.23-692/1
31 август 1998 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски** с.р.

**1224.**

Врз основа на член 103 од Законот за основно образование („Службен весник на РМ" бр. 25/97) и член 46, став 3 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на СРМ" бр. 38/90 и „Службен весник на РМ" бр. 63/94), Владата на Република Македонија на седницата одржана на 31.08.1998 година, донесе

**ОДЛУКА**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА СТАТУТОТ НА ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ" - ПРИЛЕП**

1. Се дава согласност на одредбите на Статутот на Основното училиште „Блаже Конески" - Прилеп, што го донесе Училишниот одбор на седницата одржана на 6.07.1998 година.

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр.23-1288/1
31 август 1998 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски** с.р.

**1225.**

Врз основа на член 141 од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија" бр. 17/97 - Пречистен текст) и врз основа на Одлуката за овластување на Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 32/98), Комисијата за прашања на изборите и именувањата на седницата одржана на 9 септември 1998 година, донесе

**ОДЛУКА**
**ЗА ИЗБОР НА ЧЛЕНОВИ НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЈАВНАТА ЗДРАВСТВЕНА ОРГАНИЗАЦИЈА МЕДИЦИНСКИ ЦЕНТАР „АКАДЕМИК ПРОФ.Д-Р ДИМИТАР АРСОВ" - КРИВА ПАЛАНКА**

1. За членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Медицински центар „Академик проф.д-р Димитар Арсов" - Крива Паланка се избираат:

Блаже Петковски, дипл. економист, директор на А.Д. „Карпош" - Крива Паланка,

Стевчо Ристовски, дипл. инженер-архитект, директор на 11-то градилиште ГП „Пелагонија" - Крива Паланка,

Дане Милошевски, пратеник во Собранието на Република Македонија и

Блаже Тодоровски, директор на З.З. „Малина" - Крива Паланка.

2. Со влегувањето во сила на оваа одлука им престанува мандатот на досегашните членови на Управниот одбор на оваа јавна здравствена организација.

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр.10-3239/1
9 септември 1998 година
Скопје

Претседател
на Комисијата за прашања на
изборите и именувањата,
**Алил Џафероски,** с.р.

**1226.**

Врз основа на член 141 од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија" број 17/97 - Пречистен текст) и врз основа на Одлуката за овластување на Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" број 32/98), Комисијата за прашања на изборите и именувањата на седницата одржана на 9 септември 1998 година, донесе

**ОДЛУКА**
**ЗА ИЗБОР НА ЧЛЕНОВИ НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЈАВНАТА ЗДРАВСТВЕНА ОРГАНИЗАЦИЈА ЗАВОД ЗА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА - СКОПЈЕ**

1. За членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Завод за здравствена заштита - Скопје, се избираат:

Мевљан Тахири, пратеник во Собранието на Република Македонија;

Зоран Шапуриќ, пратеник во Собранието на Република Македонија;

Илија Гоцевски, пратеник во Собранието на Република Македонија и

прим.д-р Елида Ристовска, управник на РЕ за примарна здравствена заштита „Кисела Вода" - Здравствен дом - Скопје.

2. Со влегувањето во сила на оваа одлука им престанува мандатот на досегашните членови на Управниот одбор на оваа јавна здравствена организација.

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Број 10-3240/1
9 септември 1998 година
Скопје

Претседател
на Комисијата за прашања на
изборите и именувањата,
**Алил Џафероски**, с.р.

**1227.**

Врз основа на член 141 од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија" број 17/97 – Пречистен текст) и врз основа на Одлуката за овластување на Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" број 32/98), Комисијата за прашања на изборите и именувањата на седницата одржана на 9 септември 1998 година, донесе

**ОДЛУКА**
**ЗА ИЗБОР НА ЧЛЕНОВИ НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА ООЗТ ЦЕНТАР ЗА ПРОДОЛЖИТЕЛНО ЛЕКУВАЊЕ И РЕХАБИЛИТАЦИЈА „КАТЛАНОВСКА БАЊА" - СКОПЈЕ**

1. За членови на Управниот одбор на ООЗТ Центар за продолжително лекување и рехабилитација „Катлановска бања" – Скопје, се избираат:

Гоцевски Илија, пратеник во Собранието на Република Македонија;

Стевче Јакимовски, директор на Туристичката агенција „Катланово-турс" – Скопје,

Трајчевски Кире, вработен во ЈП за стопанисување со станбен и деловен простор на Република Македонија Скопје и

Трајко Андонов, дипл. правник, вработен во Институт за срцеви заболувања – Клинички центар Скопје.

2. Со влегувањето во сила на оваа одлука им престанува мандатот на досегашните членови на Управниот одбор на Центарот за продолжително лекување и рехабилитација „Катлановска бања" – Скопје.

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Број 10-3238/1
9 септември 1998 година
Скопје

Претседател
на Комисијата за прашања на
изборите и именувањата,
**Алил Џафероски**, с.р.

**1228.**

Врз основа на член 248 од Законот за насоченото образование („Службен весник на СРМ" број 16/85, 29/86, 7/88, 18/89, 29/89, 12/90, 11/91 и „Службен весник на Република Македонија" број 40/91 и 14/95) и врз основа на Одлуката за овластување на Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" број 32/98), Комисијата за прашања на изборите и именувањата на седницата одржана на 9 септември 1998 година, донесе

**ОДЛУКА**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ПРЕТСТАВНИЦИ НА РЕПУБЛИКАТА ВО СОБИРОТ НА РАБОТНИТЕ ЛУЃЕ НА ВИШАТА ЗЕМЈОДЕЛСКА ШКОЛА ВО БИТОЛА**

1. Се разрешуваат досегашните претставници на Републиката во Собирот на работните луѓе на Вишата земјоделска школа во Битола, поради истек на времето за кое се именувани, и тоа:

Бранирод Михајловски, пратеник во Собранието на Република Македонија и

Слободан Најдовски, пратеник во Собранието на Република Македонија.

2. За претставници на Републиката во Собирот на работните луѓе на Вишата земјоделска школа во Битола се именуваат:

Митко Ристевски, пратеник во Собранието на Република Македонија и

Трајко Соколовски, дипл. правник во ХМС „Стрежево" – Битола.

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Број 10-3237/1
9 септември 1998 година
Скопје

Претседател
на Комисијата за прашања на
изборите
и именувањата,
**Алил Џафероски**, с. р.

**1229.**

Врз основа на член 79 став 1 од Законот за основното образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 44/95, 24/96, 34/96 и 35/97), министерот за образовние и физичка култура, донесе

**ПРАВИЛНИК**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА РАСПОРЕДОТ НА РАБОТНОТО ВРЕМЕ НА УЧИТЕЛИТЕ, НАСТАВНИЦИТЕ, СТРУЧНИТЕ РАБОТНИЦИ ВО ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ И ВОСПИТУВАЧИТЕ ВО УЧЕНИЧКИОТ ДОМ**

Член 1

Во Правилникот за распоредот на работното време на учителите, наставниците, стручните работници во основното училиште и воспитувачите во ученичкиот дом („Службен весник на Република Македонија" бр. 27/96), член 4 се менува и гласи:

„Работното време на учителот, наставникот, стручниот работник во основното училиште и воспитувачот во ученичкиот дом кои засновале работен однос со полно работно време изнесува 40 работни часа во текот на работната недела.

Времето за вршење на работите и задачите во училиштето се утврдува врз основа на годишната програма за работа на училиштето и наставните планови и програми за основното училиште".

Член 2

Член 5 се менува и гласи:

„Времето поминато во вршењето на работите и задачите во училиштето на учителот и наставникот кои засновале работен однос со работно време пократко од полното работно време се утврдува врз основа на годишната програма на училиштето и наставните планови и програми за основното училиште и зависно од работното време за кое е заснован работниот однос".

Член 3

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 10-2786
4 септември 1998 година
Скопје

Министер за образование и
физичка култура,
д-р **Софија Тодорова**, с.р.

**1230.**

Врз основа на член 55 од Законот за средно образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 44/95, 24/96, 34/96 и 35/97), министерот за образование и физичка култура, донесе

## ПРАВИЛНИК ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА НАЧИНОТ НА ОЦЕНУВАЊЕТО, НАПРЕДУВАЊЕТО НА УЧЕНИЦИТЕ И ПОЛАГАЊЕТОНА ИСПИТИ ВО СРЕДНОТО УЧИЛИШТЕ

Член 1

Во Правилникот за начинот на оценувањето, напредувањето на учениците и полагањето на испити во средното училиште („Службен весник на Република Македонија" бр. 27/96), во член 22 став 1 по зборот „образование" се додаваат зборовите „по правило".

Член 2

Во член 23 став 1 по зборовите „се полагаат" се става запирка и се додаваат зборовите „по правило".

Член 3

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Број 11-4305/1
4 септември 1998 година
Скопје

Министер за образование и физичка култура,
д-р **Софија Тодорова**, с.р.

**1231.**

Врз основа на член 65 став 1 од Законот за средното образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 44/95, 24/96, 34/96 и 35/97), министерот за образование и физичка култура, донесе

## ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА НОРМАТИВИТЕ ЗА РАСПОРЕДОТ НА РАБОТНОТО ВРЕМЕ НА НАСТАВНИЦИТЕ И СТРУЧНИТЕ СОРАБОТНИЦИ ВО ЈАВНИТЕ СРЕДНИ УЧИЛИШТА

Член 1

Во Правилникот за нормативите за распоредот на работното време на наставниците и стручните соработници во јавните средни училишта („Службен весник на Република Македонија" бр. 27/96), член 4 се менува и гласи:

„Работното време на наставникот и стручниот соработник во училиштата кои засновале работен однос со полно работно време изнесува 40 работни часа во текот на работната недела.

Времето за вршење на работите и задачите во училиштето се утврдува врз основа на годишната програма за работа на училиштето и наставните планови и програми за јавното училиште".

Член 2

Членот 5 се менува и гласи:

„Времето поминато во вршењето на работите и задачите во училиштето на наставникот кој засновал работен однос со работно време пократко од полното работно време се утврдува врз основа на годишната програма на училиштето и наставните планови и програми за јавното училиште и зависно од работното време за кое е заснован работниот однос".

Член 3

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Број 11-4306/1
4 септември 1998 година
Скопје

Министер за образование и физичка култура,
д-р **Софија Тодорова**, с.р.

**1232.**

Врз основа на член 31 и 57 од Законот за изменување и дополнување на Законот за вршење на нотарските работи („Службен весник на РМ" бр. 25/98), Основачкото собрание на именуваните нотари во Република Македонија, на 15.08.1998 година донесе

## ОДЛУКА ЗА ИЗБОР НА ПРЕТСЕДАТЕЛ НА НОТАРСКАТА КОМОРА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Член 1

За претседател на Нотарската комора на Република Македонија (во натамошниот текст: Комората), е избрана Зорица Пулејкова – нотар од Скопје, општина Кисела Вода.

Член 2

Мандатот на претседателот на Комората започнува од 15.08.1998 година и трае до првата недела на февруари 2001 година.

Член 3

Претседателот на Комората е и претседател на Управниот одбор на Комората.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

Член 5

Одлуката се објавува во „Службен весник на Република Македонија".

15 август 1998 година
Скопје

Работно претседателство
Претседавач,
**Никола Кајчевски**, с.р.

**1233.**

Врз основа на член 31 и 57 од Законот за изменување и дополнување на Законот за вршење на нотарските работи („Службен весник на РМ" бр. 25/98), Основачкото собрание на именуваните нотари на Република Македонија, на 15.08.1998 година донесе

## ОДЛУКА ЗА ИЗБОР НА ДИСЦИПЛИНСКИ СОВЕТ НА НОТАРСКАТА КОМОРА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Член 1

За членови на Дисциплинскиот совет на Нотарската комора на Република Македонија (во натамошниот текст: Дисциплинскиот совет на Комората), избрани се:

1. Ристо Папазов – претседател – општина Ѓ. Петров,
2. Емилија Харалампиева – член – општина Сарај,
3. Мице Илиевски – член – општина Куманово,
4. Вера Караманди – член – општина Битола,
5. Менче Златковска – член – општина Кочани.

Член 2

Мандатот на членовите на Дисциплинскиот совет на Комората, започнува од 15.08.1998 година и трае до првата недела на февруари 2001 година.

Член 3

Дисциплинскиот совет на Комората во најкраток рок треба да изготви Деловник за работа.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

Член 5

Одлуката се објавува во „Службен весник на Република Македонија".

15 август 1998 година
Скопје

Работно претседателство
Претседавач,
**Никола Кајчевски**, с.р.

**1234.**

Врз основа на член 57 од Законот за изменување и дополнување на Законот за вршење на нотарските работи („Службен весник на РМ" бр. 25/98), Основачкото собрание на именуваните нотари во Република Македонија, на 15.08.1998 година донесе

**ОДЛУКА ЗА ОСНОВАЊЕ НА НОТАРСКА КОМОРА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Член 1

Се основа Нотарска комора на Република Македонија (во натамошниот текст: Комората).

Член 2

Седиштето на Комората е во Скопје.

Член 3

Привремената адреса на Комората е во просториите на Министерството за правда, на ул. „Димитрија Чуповски" бб – Скопје.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

Член 5

Одлуката се објавува во „Службен весник на Република Македонија".

15 август 1998 година
Скопје

Работно претседателство,
Претседавач,
**Никола Кајчевски**, с.р.

**1235.**

Врз основа на член 31 и 57 од Законот за изменување и дополнување на Законот за вршење на нотарските работи („Службен весник на РМ" бр. 25/98), Основачкото собрание на именуваните нотари во Република Македонија на 15.08.1998 година, донесе

**О Д Л У К А ЗА ИЗБОР НА УПРАВЕН ОДБОР НА НОТАРСКАТА КОМОРА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Член 1

За членови на Управниот одбор на Нотарската комора на Република Македонија (во натамошниот текст: Управниот одбор), се избрани:

1. Виолета Ангеловска – општина Битола,
2. Елизабета Станоевиќ – Ѓокиќ – општина Карпош,
3. Златко Николовски – општина Карпош,
4. Јанко Милушев – општина Струмица,
5. Мери Весова – општина Ѓорче Петров,
6. Наџи Зеќири – општина Тетово,
7. Слободан Поповски – општина Центар,
8. Чедо Иванов – општина Кочани.

Член 2

Мандатот на членовите на Управниот одбор, започнува од 15.08.1998 година и трае до првата недела на февруари 2001 година.

Член 3

Претседателот на Нотарската комора на Република Македонија е и претседател и член на Управниот одбор.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

Член 5

Одлуката се објавува во „Службен весник на Република Македонија".

15 август 1998 година
Скопје

Работно претседателство
Претседавач,
**Никола Кајчевски**, с.р.

**1236.**

Врз основа на член 31 и 57 од Законот за изменување и дополнување на Законот за вршење на нотарските работи („Службен весник на РМ" бр. 25/98), Основачкото собрание на именуваните нотари во Република Македонија на 15.08.1998 година, донесе

**О Д Л У К А ЗА ФОРМИРАЊЕ НА КОМИСИЈА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА КОНКУРСИТЕ ЗА ИМЕНУВАЊЕ НА НОТАРИ НА НОТАРСКАТА КОМОРА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Член 1

Се формира Комисија за спроведување на конкурсите за именување на нотари на Нотарската комора на Република Македонија (во натамошниот текст: Комисијата), во состав:

1. Михаил Ќосев – претседател – општина Г. Баба,
2. Ленка Панчева – член – општина Чаир,
3. Нада Палиќ – член – општина Центар,
4. Иса Аjдини – член – општина Кичево,
5. Верица Панова – член – општина Струмица,
6. Весна Василевска – член – општина Гостивар,
7. Нада Прочкова – член – општина Гевгелија.

Член 2

Мандатот на членовите на Комисијата започнува од 15.08.1998 година и трае до првата недела на февруари 2001 година.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

Член 4

Одлуката се објавува во „Службен весник на Република Македонија".

15 август 1998 година
Скопје

Работно претседателство
Претседавач,
**Никола Кајчевски**, с.р.

# Огласен дел

## СУДСКИ ОГЛАСИ

### ОСНОВЕН СУД СКОПЈЕ I - СКОПЈЕ

Пред Основниот суд Скопје I - Скопје, поведена е постапка за развод на брак по тужбата на тужителот Муртези Кенан од Скопје, ул. "Христифор Шефаровиќ" бр. 7/29 против тужениот Мари - Кристи Темошенко од Белгија со непозната адреса.

Се повикува тужениот Мари- Кристи Темошенко од Белгија, во рок од 30 дена да се јави во судот или да определи полномошник. Во спротивно, интересите во постапката ќе ги застапува привремениот старател Костовски Бранко, адвокат од Скопје, одреден со решение на Меѓуопштинскиот центар за социјални работи на општините на град Скопје, бр. 3020-102 од 27.II.19998 година, се до правосилното окончување на спорот.

Од Основниот суд Скопје I- Скопје,XIII П.бр.222/98. (14130)

### ОСНОВЕН СУД ВО ГОСТИВАР

Пред Основниот суд во Гостивар, заведен е спор за развод на брак по тужбата на тужителката Скендери Љутвије од Гостивар, против тужениот Скендери Насер со непозната адреса на живеење.

Основниот суд во Гостивар, врз основан на член 84, став 2 точка 4 од ЗПП, на тужениот му постави привремен застапник, стручниот соработник на овој суд, Душица Димитриеска, која ќе го застапува тужениот во постапката се додека истиот или негов полномиошник не се појават пред судот, односно додека органот за старателство не го извести судот дека му назначил старател.

Од Основниот суд во Гостивар, П.бр.668/98.(14494)

### ОСНОВЕН СУД ВО КАВАДАРЦИ

Пред Основниот суд во Кавадарци, во тек е постапка за развод на брак по тужбата на тужителката Ѓоргова Сузана од с. Росоман, против тужениот Ѓоргов Петре од с. Росоман,а сега со непозната адреса во Италија.

За привремен застапник на тужениот се поставува Петровска Елизабета, адвокат од Кавадарци.

Привремениот застапник ги има сите права и должности на законскиот застапник ќе ги врши се додека тужениот не се појави пред судот односно додека од органот за старателство не му биде одреден старател.

Од Основниот суд во Кавадарци, П.бр.1098/97. (14511)

### ОСНОВЕН СУД ВО КУМАНОВО

Пред Основниот суд во Куманово се води парнична постапка за сопственост на стан по тужбата на тужителот Добрица Илиевска од Швајцарија, против тужениот Милутко Илиевски од Куманово, со непозната адреса. Вредност на спорот неопределена.

Се повикува тужениот или било кое друго лице да се јави во судот, да достави адреса на тужениот или пак да достави полномошно или старателство.

Доколку во рок од 30 дена од денот на објавувањето на огласот не се јави ниту тужениот ниту било кое друго лице, го извести судот за адресата на тужениот, судот ќе му постави привремен застапник и тоа лицето Савре Спасовски - стручен соработник во овој суд кој ќе ги застапува интересите на тужениот додека тој не се појави пред судот или назначи полномошник.

Од Основниот суд во Куманово, V. П.бр.09-1666/97. (14518)

### ОСНОВЕН СУД ВО РЕСЕН

Пред овој суд во тек е постапка за утврдување на право на сопственост по тужбата на тужителите Назим Реџепи и други од с. Грнчари, против тужените Фирдес Асани и други од с. Грнчари. Вредност на спорот 101.000,00 денари.

Се повикуваат тужените Фирдес Асани од с. Грнчари, сега во Шведска и Тосум Аметовски од с. Грнчари сега во САД, двајцата со непозната адреса на живеење, во рок од 30 дена, сметано од денот на објавувањето на огласот, на судот да му достават точни адреси или да одредат свој полномошник. Во спротивно, судот по службена должност ќе му постави привремен застапник кој ќе ги застапува нивните права и интереси, се до окончување на постапката пред овој суд.

Од Основниот суд во Ресен, П.бр. 133/98. (14602)

---

До овој суд поднесена е тужба од тужителите: Митко Радевски од с. Езерени и други, сите застапувани од Полномошникот Науме Тозиевски, адвокат од Ресен, против тужениот Томе Милевски од с. Езерени, моментално во САД, со непозната адреса, за смеќавање на посед со посебно барање за издавање на привремена мерка. Вредност на спорот 40.000,00 денари.

На тужениот Томе Милевски од с. Езерани, моментално во САД, со непозната адреса на живеење, поставен му е привремен застапник, адвокатот Виолета Крстевска од Ресен, поради итност на постапката а со оглед да се работи за тужба со привремена мрека.

Привремениот застапник ги има сите права и должности на законски застапник кои ќе ги врши се додека тужениот или неговиот полномошник не се јави пред судот, односно додека Органот за старателството не го извести судот дека му поставил старател.

Од Основниот суд во Ресен, П.бр.148/98. (14603)

### ОСНОВЕН СУД ВО СТРУМИЦА

Пред Основниот суд во Струмица тужителот Ѓоргиќ Светозар од Скопје, со стан на ул."Робесјерова" бр. 37, населба Драчево, има заведено спор за развод на брак против тужената Колева Валентина од Струмица, со стан на ул."Браќа Миладинови" бр. 55/I/1, Струмица, а сега на привремена работа во странство со непозната адреса.

Основниот суд во Струмица ја повикува тужената да во рок од 15 дена по објавувањето на огласот да се јави во Основниот суд во Струмица, во соба бр. 28 како тужена странка.

Доколку истата во определениот рок не се јави пред Основниот суд во Струмица на истата ќе и биде одреден привремен застапник и тоа Валентина Митева, судски стручен соработник при Основниот суд во Струмица, кој ќе ги застапува нејзините интереси до правосилното завршување по предметот на спорот.

Од Основниот суд во Струмица, П.бр. 992/97. (14497)

## ОСНОВЕН СУД ВО ШТИП

Пред Основниот суд во Штип е поведена постапка за раскинување на договор за поклон на недвижен имот по тужбата на тужителот Муједин Амет Мачев од Штип,ул."Радански пат" бр. 157, против тужениот Орхан Муједин Мачев со непозната адреса на престојување.

Се повикува тужениот во рок од 30 дена по објавувањето на огласот да се јави во овој суд и да достави точна адреса на пресојувалиште или да определи свој застапник или полномошник.

Во спротивно, ќе му биде поставен привремен застапник по службена должност кој ќе ги заастапува неговите интереси до завршувањето на спорот.

Од Основниот суд во Штип, П.бр. 1076/97. (14499)

## ЗАПИШУВАЊЕ ВО СУДСКИОТ РЕГИСТАР

**Основниот суд Скопје I – Скопје, со решението Трег. бр. 224/98, на регистарска влошка бр. 3-02001776-000-01, ја запиша во трговскиот регистар промената на Трговско друштво за трговија на големо и мало „КОХЕН" Василис и други д.о.о. експорт-импорт, Градски трговски центар – II кат, локал 003, Скопје**

**Промената на седиштето гласи: Трговско друштво за трговија на големо и мало „КОХЕН" Василис и други д.о.о. експорт-импорт, ул. „Булевар Гевгелија" бр. 2, Гевгелија.**

**Од Основниот суд Скопје I – Скопје, Трег. бр. 224/98. (176)**

Основниот суд Скопје I – Скопје, со решението Трег. бр. 2493/98, на регистарска влошка бр. 02003427-3-01-000, го запиша во трговскиот регистар усогласувањето со ЗТД на Трговско друштво за промет на големо и мало ЈУГО-МЕРКУР Јован и Горан д.о.о., ул. „Кисела Јабука 12", бр. 6, Скопје.

Назив: Трговско друштво за промет на големо и мало ЈУГО МЕРКУР Јован и Горан д.о.о. ул. „Кисела Јабука 12" бр. 6, Скопје.

Содружници на друштвото се Јован Дабевски и Горан Дабевски од Скопје.

Дејности: 01.21, 01.22, 05.02, 15.11, 15.12, 15.13, 15.31, 15.32, 15.33, 15.51, 15.52, 15.71, 15.81, 15.82, 15.84, 15.85, 15.86, 15.87, 15.89, 15.98, 25.22, 50.10, 50.30, 51.21, 51.23, 51.24, 51.31, 51.32, 51.33, 51.34, 51.36, 51.37, 51.38, 51.39, 51.41, 51.42, 51.43, 51.44, 51.45, 51.47, 51.70, 52.11, 51.12, 52.21, 52.22, 52.23, 52.24, 52.25, 52.26, 52.27, 52.33, 52.40, 52.43, 52.44, 52.45, 52.46, 52.48, 52.62, 55.11, 55.11, 55.30/1, 55.30/2, 74.11, 74.12, 74.14., надворешна трговија со прехранбени и непрехранбени производи.

Во правниот промет со трети лица друштвото настапува во свое име и за своја сметка.

За обврските сторени во правниот промет со трети лица друштвото одговара со сите свои средства.

Управител: Јован Дабевски, без ограничувања.

Од Основниот суд Скопје I – Скопје, Трег. бр. 2493/98. (177)

Основниот суд Скопје I – Скопје, со решението Срег. бр. 2645/98, на регистарска влошка бр. 1-64891-0-0-0, ја запиша во судскиот регистар промената на основач на Претпријатието за производство и трговија „МОБИЛИЈА М" д.о.о. експорт-импорт ул. „Браќа Кошулчеви" бр. 1, Скопје.

На 20.06.1998 год. истапила Стојановска Јованка, а пристапил Марковски Цветко.

Од Основниот суд во Скопје I – Скопје, Срег. бр. 2645/98. (175)

**Основниот суд Скопје I – Скопје, со решението Срег. бр. 2519/98, на регистарска влошка бр. 1-64420-000, ја запиша во судскиот регистар промената на директор на Претпријатието за производство, промет и услуги „ИСТ ТРАНС ТРЕЈДИНГ" д.о.о. бул. „АСНОМ" бр. 8/3-3, Скопје.**

**Се брише досегашниот директор Жан Темелковски, а се запишува Маријан Стојчев, директор без ограничување.**

**Од Основниот суд Скопје I – Скопје, Срег. бр. 2519/98.** (176)

